РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
Бр. 02-10210/4
29 -12- 2014 201__ год.
СКОПЈЕ

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДРЖАВНИТЕ ПАТИШТА ЗА 2015 ГОДИНА

СКОПЈЕ, декември 2014 година

Врз основа на член 19 од Законот за јавните претпријатија ("Службен Весник на Р.Македонија бр. 38/96, 06/02. 40/03, 49/06, 22/07,83/09, 97/10 и 06/12) и член 20 од Статутот на Јавното Претпријатие за државни патишта, Управниот одбор ја донесе Годишната Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2015 година.

## ВОВЕД

Јавното Претпријатие за државни патишта е основано на 03.01.2013 со Одлука за основање број 41-10147/1 од 28.12.2012 донесена од Владата на Република Македонија, објавена во Службен Весник на Република Македонија бр.1 од 02.01.2013 година.

Претпријатието кое е запишано во Централен регистар на Република Македонија со број ЕМБС 6839673, е правен следбеник на Агенцијата за државни патишта Скопје.

Според тоа, ЈП за државни патишта останува двигател на патната инфраструктура во Македонија, како што беше Агенцијата за државни патишта.

Годишната Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2015 година изготвена е во согласност со Петгодишната програма за планирање, изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта во Република Македонија за периодот 2013-2017 година, донесена од Владата на Република Македонија бр. 41-6902/1 од 08.10.2013 година (Службен весник на РМ бр. 141/2013).

# I.

# ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ И ПРИЛИВИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА ЗА 2015 ГОДИНА

Планираните приходи за 2015 година ги опфаќаат со Закон пропишаните извори на финансирање за вршење на основната дејност на претпријатието утврдени согласно Законот за јавните патишта и тоа:

1) дел од акцизата од деривати од нафта;
2) надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса);
3) надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина);
4) надоместок за:

   а) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта,

   б) приклучување на пристапен пат на државен пат,

   в) поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас на државен пат,

   г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на државен пат надвор од населено место,

   д) прекумерно користење на пат,

   ѓ) вонредниот превоз и

   е) штета сторена на патот и објектите на патот;
5) средства од Буџетот на Република Македонија;
6) заеми и кредити и
7) други приходи

Висината на средствата од точка 1 се утврдува со Одлука на Владата на Република Македонија и истата не може да биде помала од 20% од вкупниот приход по основ на акциза од деривати од нафта .

Средствата се трансферираат од Буџетот на Република Македонија на сметка на Јавното претпријатие најмалку 4 пати годишно, во интервали од најмногу 3 календарски месеци.

**За 2015 година се планира да се остварат приходи во вкупна вредност од 5.694.000.000 денари, од следните видови на приходи:**

1. Приходи од работењето, во вкупен износ од **3.489.000.000 денари** и тоа:

   1.1. **Од надоместокот за употреба на јавен пат, негов дел или објектот на патот (патарина)**, се очекува приход во износ од **1.859.000.000 денари**. Вкупниот приход по овој основ пресметан е врз база на остварената фреквенција на сообраќајот по видови и категории на возила во 2014 година и Одлука за определување на висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на автопатските делници во Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр.89/09) и Одлука за измена на Одлуката за определување на висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на автопатските делници во Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр.103/14).

   1.2. **Планираниот приход од надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса)** што се плаќа при регистрација на возилата, изнесува **1.450.000.000 денари.** Приходот е планиран и се реализира согласно Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) ("Службен Весник на на РМ" бр.118/09) и Одлука за измена на Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) ("Службен Весник на РМ" бр.103/14)

   1.3. **Другите приходи од работењето** се очекува да изнесуваат **180.000.000 денари**, а се планира да се остварат од разни надоместоци што се плаќаат на магистралните и регионалните патишта и тоа:

   а) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта,

б) приклучување на пристапен пат на државен пат,

в) поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас на државен пат,

г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на државен пат надвор од населено место,

д) прекумерно користење на пат,

ѓ) вонредниот превоз и

е) штета сторена на патот и објектите на патот;

2. Останати приходи, во вкупен износ од **2.205.000.000 денари** и тоа:

   2.1. Од делот **од акцизата од деривати од нафта** планирани се **2.205.000.000 денари.**

**За 2015 година се планира да се остварат приливи од странски кредити и заеми во вкупна вредност од 8.065.000.000 денари**

| ПРИХОДИ И ПРИЛИВИ | Вкупно за 2015 година |
|---|---|
| ПРИХОДИ | 5.694.000.000 |
| Приходи од работењето | 3.489.000.000 |
| Патарина | 1.859.000.000 |
| Регистрација (патна такса) | 1.450.000.000 |
| Други приходи од работењето | 180.000.000 |
| Останати приходи - акциза | 2.205.000.000 |
| ПРИЛИВИ | 8.065.000.000 |
| Приливи од стански кредити и заеми | 8.065.000.000 |
| ВКУПНО ПРИХОДИ И ПРИЛИВИ: | 13.759.000.000 |

II.

ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ, ИНВЕСТИЦИИ И ОДЛИВИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА ЗА 2015 ГОДИНА

**За 2015 година планирани се трошоци во вкупна вредност од 1.711.000.000 денари, и тоа:**

1. За **трошоци за суровини, материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар** планирани се вкупно **58.000.000 денари**. Во оваа позиција влегуваат: трошоци за материјали, трошоци за енергија, трошоци за

резервни делови и материјали за одржување, како и трошоци за ситен инвентар.

2. За **трошоци за услуги** планирани се вкупно **682.000.000 денари** и тоа: транспортни услуги, поштенски услуги, телефонски услуги и интернет, надворешни услуги за изработка на добра и извршување на услуги, услуги за одржување и заштита, за тековно и зимско одржување на патиштата, комунални услуги, трошоци за истражување и развој, трошоци за реклама и пропаганда, останати услуги –провизија на здруженија за технички преглед на патнички и моторни возила.
3. За **плата, надоместоци од плата и останати трошоци за вработените,** планирани се вкупно **165.000.000 денари**. Тука се вклучени бруто плата, надоместоци за вработените кои заминуваат во пензија, јубилејни награди и други надоместоци поврзани со вработените.
4. За **останати трошоци од работењето** планирани се вкуно **388.000.000 денари**. Тука влегуваат: трансфер на средства до ЕЛС за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици, трошоците за службени патувања и сместувања во земјата и странство, трошоци за задолжителни систематски лекарски прегледи на вработените, трошоци за образование и усовршување на вработените, трошоци за надомест на членовите на управен и надзорен одбор, трошоци за репрезентација, трошоци за осигурување, банкарски услуги, административни и судски такси, трошоци за ревизија и вештачење, адвокатски и нотарски услуги, извршни судски трошоци, трошоци повраток на средства од патна такса (регистрација) за моторни и приклучни возила кои вршат меѓународен транспорт.
5. **Финансиски расходи** планирани се на вкупен износ од **418.000.000 денари**, во кои спаѓаат трошоци за камата кон нерезидентни кредитори (Светска Банка, Европска Инвестициона Банка, Европска Банка за Обнова и Развој и Ексим Банка) и по веќе потпишани договори и трошоци за негативни курсни разлики од работењето со неповрзани друштва

**Јавното претпријатие во 2015 година планира да реализира инвестиции во вкупна вредност од 10.714.000.000 за следните проекти:**

1. **За инвестиции со сопствени средства предвидени се 2.649.000.000 денари.**

1.1. За изградба на патишта од сопствени средства планирани се **1.564.000.000 денари.**

Од овие средства **588.000.000 денари** се предвидени за реализација на следниве проекти:

- Продолжување со изградбата на делницата Сончев град,
- Изведба на градежни работи на делницата Опае-Белановце-Станчиќ,
- Поставување на вертикална и хоризонтална сигнализација, сигнализација на наплатни станици, свлечишта, рехабилитација на мостови и тунели, како и осветлување на клучки на државните патишта;
- Арачиново – Липково – Оризари (повеќе делници),
- Изведба на градежни работи на Клучка на Обиколница на Скопје,
- Изградба на клучка Брвеница
- Завршни работи, санација на дотраени коловози и непредвидени работи на други делници

Останатите **976.000.000 денари** се Сопственото учество во инвестициите со странски кредити – ДДВ. Овие средства воглавно го покриваат учеството од 10% за делниците Миладиновци-Штип и Кичево-Охрид, како и данокот на додадена вредност за проектите што се финансираат од странски кредити;

1.2. За **инвестиционо одржување** пак предвидени се **170.000.000 денари**, кои ќе се реализираат повеќегодишно преку Договор со ЈП Македонијапат, согласно Законот за јавните патишта а ќе се работи на следниве патни правци: Тетово – Пирок – Гостивар; Попчево – Белотино – Рич; Карбинци – Зрновци – Виница; Кавадарци – Неготино; Коњух–Бељаковце (Кратово – Куманово); Пробиштип – Крупиште – Штип; Струмица – Ново Село - граница со Република Бугарија; Регионален пат Р 2246 до село Могорче; Регионален пат Р 1308 до с. Брајчино; Арачиново – Умин Дол – Куманово; Кондово –

Радуша; Сарај – Групчин; Тетово – Попова Шапка; Гостивар – Србиново; Струга – Калишта; Тајмиште – Зајас; Рехабилитација на влезот во Кичево; Рехабилитација на излезот во Кичево.

1.3. За **експропријација** на замјиштето на делниците кои се планираат за изградба во текот на 2015 година, планирани се **200.000.000 денари**;

1.4. За изработка на **проектна документација и надзор над градежните работи** на погоре споменатите делници, предвидени се средства во износ од **713.000.000 денари**. Оваа позиција ги опфаќа трошоците за изработка на физибилити студии, инфраструктурни проекти, студии за животна средина, основни проекти и други делови на инвестиционо - техничка документација, како и надзор на изградбата и одржувањето на патиштата, при што и надзорот на инвестициите финансирани од странски кредити се обезбедува од сопствените приходи на Јавното претпријатие.

Согласно Програмата на Владата на Република Македонија за проектирање на автопатската делница Струга – Ќафасан (2015-2017), постоечката проектна документација на ниво на основен проект (како дел од коридор 8, соодветно на делницата Кичево – Охрид), ќе се ажурира доколку постои потреба, а во зависност од начинот за финансирање.

1.5. За набавка на опрема и софтвер планирани се **2.000.000 денари**

2. **За инвестиции од странски кредити предвидени се вкупно 8.065.000.000 денари и тоа финансирани од:**

**Светска Банка** по Проектот за подобрување на постојната регионална и локална патна мрежа за изградба на локални патишта со должина од околу 57,5 км и по новиот Проект за подобрување на магистрални и регионални патишта, и тоа за:

Битола - Ресен – Буково; Кичево до Дебар преку Извор; Спој со А4 (Ново Село) – Маврово – Жировница – Дебар; Делчево –Планина Голак; Мокрино – Смолари; Нов Дојран – Николиќ; Старо Коњарево - Ново Коњарево; Тетово – Брвеница – Гостивар;

од **Европска Банка за обнова и развој** по Проектот за подобрување на

постојната регионална и општинска патна мрежа и тоа за продолжување на изградбата на Велес – Штип (до Кадрифаково), по Проектот за електронски систем за наплата на патарина и по новиот Проект за магистрални патишта и тоа за Штип – Кочани, Охрид – Пештани и Градско - Прилеп. Од **Европска Инвестициона Банка ќе се користат средства** за консултантски услуги за доизградба на Коридор X - делница Демир Капија-Смоквица. За изградба на делниците Миладиновци - Штип и Кичево - Охрид средства ќе се обезбедени од кредит од **кинеската Ексим Банка**.

**Јавното претпријатие во 2015 година планира одливи по основ на отплата на главница за странски кредити во вкупна вредност од 1.334.000.000 денари.**

| ТРОШОЦИ, ИНВЕСТИЦИИ И ОДЛИВИ | Вкупно за 2015 година |
|---|---|
| **I. ТРОШОЦИ** | **1.711.000.000** |
| **Трошоци за суровини, материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар** | 58.000.000 |
| **Трошоци за услуги** | 682.000.000 |
| **Плата, надоместоци за плата и останати трошоци за вработените** | 165.000.000 |
| **Останати трошоци од работењето** | 388.000.000 |
| **Финансиски расходи (камати од кредити** | 418.000.000 |
| **II. ИНВЕСТИЦИИ** | **10.714.000.000** |
| Инвестиции од сопствени средства | 2.649.000.000 |
| Градба | 1.564.000.000 |
| Инвестиционо одржување на патишта | 170.000.000 |
| Експропријација | 200.000.000 |
| Проектирање и технички надзор на градежните работи | 713.000.000 |
| Опрема и Софтвер | 2.000.000 |
| Инвестиции од странски кредити | 8.065.000.000 |
| **III. ОДЛИВИ** | **1.334.000.000** |
| **Одливи за отплата на главница за странски кредити** | 1.334.000.000 |
| ВКУПНО ТРОШОЦИ, ИНВЕСТИЦИИ И ОДЛИВИ | 13.759.000.000 |

III.

Оваа програма стапува во сила со денот на нејзино донесување, а ќе почне да се применува по добиената согласност од Владата на Република Македонија.

Претседател на Управен одбор

Сања Минкова